# ФИНАЛЕН ДОКУМЕНТ ЗА ТРЕТА АНАЛИЗА НА ГОЛЕМОПРОДАЖЕН ПАЗАР – УСЛУГА ЗА ЗАВРШУВАЊЕ НА ПОВИК ВО ЈАВНА ТЕЛЕФОНСКА МРЕЖА НА ФИКСНА ЛОКАЦИЈА

Скопје, април 2019

## Содржина

1. ВОВЕД ... 5

1.1 Правна основа за трета анализа на пазарот ... 5

1.2 Цели за спроведување на трета анализа на релевантниот пазар за услуга за завршување на повик во јавна телефонска мрежа на фиксна локација ... 6

1.3 Постапка на анализа на големопродажниот пазар за услуга за завршување на повик во јавнателефонска мрежа на фиксна локација ... 7

1.4 Нотифицирани оператори на јавна фиксна телефонска мрежа и даватели на јавна фиксна телефонска услуга ... 8

1.5 Информации и финансиски податоци ... 10

1.6 Соработка со Комисијата за заштита на конкуренцијата ... 11

1.7 Дефиниции ... 12

2. Дефинирање на релевантниот пазар ... 15

2.1 Дефинирање на големопродажниот пазар за услуги завршување на повик во јавна телефонска мрежа на фиксна локација (понуда и побарувачка) ... 16

2.1.1 Супституција од страна на побарувачка и понуда на малопродажниот пазар на фиксна телефонија ... 17

2.1.2 Супституција на страна на побарувачка и понуда на големопродажниот пазар на фиксна телефонија ... 25

2.2 Дефинирање на географскиот опфат на големопродажниот пазар за услуги за завршување на повици во јавна телефонска мрежа на фиксна локација ... 27

2.3 Заклучок од дефинирањето на пазарот ... 30

3. Примена на тестот на три критериуми ... 31

3.1 Присуство на високи и постојани бариери за влез кои можат да бидат од структурна, правна или регулаторна природа ... 31

3.2 Структура на пазар кој има тенденција кон неефективна конкуренција во рамките на релевантен временски период ... 33

3.3 Законот за заштита на конкуренцијата не е доволен сам да ги разреши проблемите на пазарот ... 37

3.4 Заклучок од примена на тестот на трите критериуми ... 38

4. Анализа на релевантниот големопродажен пазар ... 40

4.1 Уделот што операторот го има на релевантен пазар ... 40

4.2 Бариери за влез на пазар и потенцијална конкуренција ... 44

4.3 Недостаток на компензациска куповна моќ ... 45

4.3 Економија на обем ... 47

4.4 Технолошки предности ... 48

4.5 Развојот на продажната и дистрибутивната мрежа ........ 49

4.6 Степенот на диференцијација на производите ........ 49

4.7 Заклучоци за постоење на конкуренција на релевантниот пазар и проценка за постоење на оператор со значителна пазарна моќ ........ 49

5. Конкурентни проблеми кои влијаат на нарушување на конкуренција ........ 51

5.1 Конкурентни проблеми во пазарот за завршување на повик во јавна телефонска мрежа на фиксна локација ........ 54

5.1.1 Превисоки цени/ примена на прекумерни цени ........ 54

5.1.2 Дискриминација при ценовна основа ........ 56

5.1.3 Одбивање на договор/ одбивање на интерконекција ........ 58

5.1.4 Вертикално пренесување на моќ ........ 59

5.1.5 Тактики на пролонгирање ........ 61

5.1.6 Неоправдани барања ........ 62

5.1.7 Злоупотреба на информации за конкурентите ........ 62

6.1.8 Дискриминација во однос на квалитетот на услугата ........ 63

6.1.9 Дискриминаторска употреба или задржување на информации ........ 64

6.1.10 Субвенционирање ........ 64

6. Наметнување на обврски на оператор со значителна пазарна моќ Македонски Телеком АД Скопје на релевантниот големопродажен пазар за услуги за завршување на повик во јавна телефонска мрежа на фиксна локација ........ 66

7. Наметнување на обврски на останатите оператори со значителна пазарна моќ на релевантниот големопродажен пазар за услуги за завршување на повик во јавна телефонска мрежа на фиксна локација ........ 76

8. Заклучок и Одлуки по анализата ........ 112

Графикон 1 Број на активни претплатници по квартали во 2017 и 2016 година и промена на индикаторот број на активни претплатници според популација 100 ........ 21

Графикон 2 Пазарен удел според број на активни претплатници за Q4/2017 во % ........ 34

Графикон 3 Вкупен сообраќај во минути што завршува во мрежата на фиксен оператор а потекнува од други домашни фиксни и мобилни оператори (национален сообраќај големопродажба) ........ 35

Графикон 4 Вкупно приходи без ддв остварени од сообраќај што завршува во мрежата на фиксен оператор а потекнува од домашни фиксни и мобилни оператори (приходи од големопродажба) – доверливи податоци ........ 36

Графикон 5 Пазарен удел по оператори во големопродажба, сообраќај во минути кои завршуваат во сопствена фиксна мрежа а доаѓаат од други фиксни мрежи – доверливи податоци ........ 41
Графикон 6 Пазарен удел по оператори во големопродажба, сообраќај во минути кои завршуваат во сопствена фиксна мрежа а доаѓаат од мобилни мрежи (вклучено self supply) - доверливи податоци ........ 42
Графикон 7 Пазарен удел според приходи по оператори во големопродажба, сообраќај во минути кои завршуваат во сопствена фиксна мрежа а доаѓаат од други фиксни мрежи - доверливи податоци ........ 43
Графикон 8 Пазарен удел според приходи по оператори во големопродажба, сообраќај во минути кои завршуваат во сопствена фиксна мрежа а доаѓаат од мобилни мрежи (вклучено self supply) - доверливи податоци ........ 44
Графикон 9 Пазарен удел изразен во проценти од минути сообраќај што завршува во мрежата на фиксен оператор а потекнува од други домашни фиксни и мобилни оператори (национален сообраќај големопродажба - пресек Q4/2017 год) - доверливи податоци ........ 47

Табела 1 Малопродажни цени за повици кон фиксна и мобилна мрежа на Македонски Телеком АД ........ 23
Табела 2 Малопродажни цени за повици кон фиксна и мобилна мрежа на ОНЕ.ВИП ДОО ..... 23
Табела 3 Малопродажни цени за повици кон фиксна и мобилна мрежа на ТРД РОБИ (ТЕЛЕКАБЕЛ) ДООЕЛ ........ 23

# 1. ВОВЕД

Донесување на Законот за електронските комуникации (во понатамошниот текст ЗЕК) во февруари 2005 претставува иницијален момент за процесот на либерализација на пазарот за електронски комуникации во Република Северна Македонија. Согласно член 146 од ЗЕК, Македонски Телеком АД е определен за оператор со значителна пазарна моќ на пазарите за фиксни говорни телефонски мрежи и услуги. Врз основа на првата анализа на големопродажниот пазар за завршување на повик во јавна телефонска мрежа на фиксна локација беа определени осум оператори со значителна пазарна моќ (во понатамошниот текст оператори со ЗПМ) на наведниот пазар и тоа Македонски Телеком - инкамбент оператор и седум алтернативни оператори и на истите им беа наметнати регулаторни обврски.

На 13 декември 2012 год. Агенцијата за електронски комуникации (во понатамошниот текст АЕК) на својата веб страна објави дека започнува со втора анализа на големопродажниот пазар – услуга за завршување на повик во јавна телефонска мрежа на фиксна локација. Финалниот документ од анализата беше објавен на веб страницата на АЕК на 31.07.2013 година.

Овој документ претставува трета анализа на овој релевантен големопродажен пазар каде ќе бидат презентирани заклучоците на АЕК од аспект на дефинирање на релевантниот големопродажен пазар за услуга за завршување на повик во јавна телефонска мрежа на фиксна локација, анализа на истиот врз основа на податоци и финансиски информации низ критериумите согласно член 77 од ЗЕК при одредување дали наведениот релевантен пазар е конкурентен согласно членовите 80 и 81 од ЗЕК или има оператор/и кој поседува значителна пазарна моќ да дејствува независно од конкурентите и корисниците на истите во однос на цените или понудата, определување на оператор со значителна пазарна моќ на горенаведениот релевантен пазар и определување на обврски на операторот/операторите со значителна пазарна моќ на анализираниот пазар.

## 1.1 Правна основа за трета анализа на пазарот

АЕК согласно ЗЕК ("Службен весник на Република Северна Македонија" број 39/2014, 188/2014, 44/2015, 193/2015, 11/2018 и 21/2018) во рамките на својот делокруг на работа промовира ефикасна конкуренција во областа на електронските комуникациски мрежи и услуги, заштита на нарушување или ограничување на конкуренцијата во областа на електронските комуникации притоа овозможувајќи во слични околности да нема дискриминација во третманот на операторите на електронски комуникациски мрежи и давателите на електронски комуникациски услуги. АЕК исто така го следи развојот на електронските комуникации, зголемување на поволностите на корисниците

и ја извршува својата работа транспарентно и на недискриминаторски начин овозможувајќи им на заинтересираните страни да дадат забелешки и коментари во врска со иницијативите, мерките и одлуките на АЕК.

АЕК согласно ЗЕК и подзаконските акти, во соработка со органот надлежен за заштита на конкуренцијата, обезбедува услови за ефикасна конкуренција и со тоа овозможува еднакво делување на операторите на пазарот на електронските комуникации во Република Северна Македонија.

АЕК анализата на релевантниот пазар за услуга за завршување на повик во јавна телефонска мрежа на фиксна локација ја прави во согласност со ЗЕК ("Службен весник на Република Северна Македонија ",број 39/2014, 188/2014, 44/2015, 193/2015, 11/2018 и 21/2018), подзаконските акти донесени врз негова основа и Методологијата за анализа на релевантни пазари изготвена од страна на АЕК земајќи ги во предвид основните напатствија од Европската комисија за вршење на анализа на релевантни пазари и утврдување на значителна пазарна моќ согласно ЕК регулаторна рамка за електронски комуникациски мрежи и услуги[1] .

## 1.2 Цели за спроведување на трета анализа на релевантниот пазар за услуга за завршување на повик во јавна телефонска мрежа на фиксна локација

АЕК на ден 31.07.2013 година го објави финалниот документ за анализа на големопродажните пазари 4, 5 и 6 (согласно Одлуката за утврдување на релевантни пазари што се подлежни на претходна регулација број 02-5015/1 од 23.09.2010 година, број 02-2010/2 од 15.04.2011 година, број 0307-1276/2 од 07.05.2014 година, број 0201-1476/7 од 15.12.2014 година, број 1306-252/2 од 20.01.2016 година, број 1303-690/10 од 19.04.2016 година и број 1302-1322/2 од 11.04.2017 година, определени се како големопродажни пазари 1, 2 и 3)[2] односно заврши со втората анализата на пазарот за услуга за завршување на повик во јавна телефонска мрежа на фиксна локација. Врз основа на спроведената анализа АЕК ги определи следните оператори за оператори со значителна пазарна моќ на релевантен пазар и тоа:

1. „Македонски Телеком" АД- Скопје
2. „ОНЕ" Телекомуникациски услуги АД - Скопје
3. „ Т-Мобиле" Македонија" - Скопје
4. „Неотел" ДОО- Скопје
5. „Аикол" ДООЕЛ- Штип

[1] Commission quidelines on market analysis and the assessment of significant market power under the Community regulatory framework for electronic communications networks and services (OJ of the EC C 165/6 from 11.07.2002)

[2] www.aec.mk